РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР

2016

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2016 ГОДИНА

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година е изготвен во согласност со чл. 109 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16 и 178/2016) и истиот Агенцијата го доставува на одобрување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 31 март во тековната година.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел./факс: + 389 2 3220 407

Содржина 3

Вовед

1. Основање и надлежности на Агенцијата 5

2. Работа на Агенцијата 7

2.1. Органи на Агенцијата 7

2.2. Организациска поставеност на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор 8

2.3. Финансирање 8

3. Извештај за активностите на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во 2016 година 9

3.1. Дозволи за вршење јавен железнички превоз, превоз за сопствени потреби и управување со железничката инфраструктура 9

3.1.1.Упис во Регистарот на дозволи за вршење јавен железнички превоз издадени од надлежни органи на земји членки на Европската унија 9

3.2. Жалба на железничкиот превозник по актите донесени од управителот на железничка инфраструктура 10

3.3.Соработка со државни органи и институции 15

3.4. Меѓународна соработка 18

4. Контрола на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и права на патниците и услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници 19

4.1 .Анкета за почитување на правата на патниците во превоз со железница 24

5.Извештај за состојбата на пазарот на железнички услуги во Република Македонија за 2016 година 32

5.1.Состојба на пазарот на железничкиот товарен сообраќај 32

5.2 Состојба на пазарот на железничкиот патнички сообраќај 35

6. Извештај за финансискиот план и финансиски извештај за Јануари-Декември 2016 година на Агенцијата 37

6.1.Реализирани приходи 38

6.2. Реализирани расходи 39

6.3.Остварен вишок на приходи 41

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје Р.Македонија, тел.факс: +389 2 3220 407

Вовед

Железницата со глобализацијата и зголемување на поврзаноста на светот во областа на економијата претставува позначаен сегмент во транспортниот систем на Европа. Предностите на железницата повеќе доаѓаат до израз како во товарниот, така и во патничкиот сообраќај. Ова е особено изразено со изградбата на посебна железничка инфраструктура за брзи патнички возови.

Перспективите за поврзување и проширување на инфраструктурата кон Азија е во фокусот на интересирање, како кај стопанството, така и кај финансиските и политичките структури, со единствена цел зголемување на неговата конкурентност и профитабилност на глобален план.

Постојаната надградба и усогласување на законите на Европската унија од оваа област покажува за значењето и перспективите на железничкиот транспортен систем.

Основна поставка во целокупната трансформација на европскиот железнички систем во насока на зголемување на конкурентноста е одвојување на инфраструктурата и нејзина независност од железничкиот транспорт.

Законските решенија на Република Македонија се усогласени со законодавството на ЕУ при што железничката инфраструктура на Република Македонија, како јавно добро од општ интерес, е одвоена од железничкиот транспорт и со можност, во фази да биде достапна за сите оние оператори т.е. железнички транспортни компании кои ќе исполнат одредени услови за вршење на транспортна дејност во превозот со железници.

Од аспект на економска ефикасност односно цена на чинење на превоз за евро/тон/км и евро/патник/км и од аспект на еколошка прифатливост (особено за градски средини) предностите на овој вид сообраќај ги насочуваат развојните текови на копнениот транспорт повеќе кон железниците.

На картата на транспортни коридори на Европа, Република Македонија е значајна точка на поврзување на средна и источна Европа со југоисточниот дел на Европа и Блискиот Исток, преку коридорот 10. Истовремено низ Македонија минува и коридорот 8 во правец Исток - Запад кој се вкрстува со коридорот 10 што ја прави Република Македонија значајна крстосница во овој дел на Европа.

Со продолжување на изградбата на коридорот 8 што е во тек оваа потенцијална придобивка ќе стане реалност.

- Коридор X : од Салцбург во Австрија до Солун во Грција.
- Коридор Xd : кој е разгранок на Коридорот X и започнува во Велес, Битола и завршува во Солун во Грција.
- Коридорот VIII од Драч во Албанија преку Македонија до Бургас и Варна во Бугарија, кој што е во фаза на изградба.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

Слика 1. Мрежа на железничката инфраструктура во Република Македонија



Македонската железничка мрежа се состои од четири главни линии, со вкупна должина од 699 км единечен колосек, од кои само пругата по Коридорот X од Табановци до Гевгелија во должина од 215км е електрифицирана. Најфреквентен е Коридорот X на кој што се одвива најголем дел од железничкиот сообраќај т.е. целиот транзитен сообраќај.

Од аспект на состојба на пазарот на железнички услуги, со трансформацијата на Македонски железници во 2007 година, во Република Македонија постојат две железнички автономни компании - Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура - Скопје, како управител на железничката инфраструктура и Македонски Железници Транспорт АД - Скопје, како единствен железнички превозник.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел./факс: + 389 2 3220 407

1. Основање и надлежности на Агенцијата

Со акт на Собранието на Република Македонија основана е Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор како самостојно и непрофитно правно лице со јавни овластувања и надлежности утврдени во Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16 и 178/2016).

Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Основната задача на Агенцијата е обезбедување транспарентно и недискриминирачко работење на телата и институциите поврзани со работењето на железницата, како и другите учесници кои обезбедуваат услуги во железничкиот јавен превоз и функционирање на железничкиот сектор во Република Македонија согласно законските надлежности.

Агенцијата согласно член 97 од Законот за железничкиот систем, е надлежна:

- За дефинирање и контрола над критериумите за квалитет на железничките услуги дадени од превозниците и управителите на инфраструктура
- Да врши мониторинг за почитување на правата на патниците
- Да обезбеди дека надоместокот за пристап до инфраструктурата утврден од управителот на инфраструктурата е недискриминаторски, согласно Законот за железничкиот систем;
- Да презема мерки за спречување на неправично и дискриминаторско однесување на управителот на инфраструктурата и секој превозник или барател за доделување на инфраструктурен капацитет;
- Да презема мерки за спречување на неправично и дискриминаторско однесување меѓу два или повеќе превозника при давањето на услуги во железничкиот превоз;
- Да презема мерки при неправично и дискриминаторско применување на објавата на мрежа и рамковните договори;
- За одобрување на наплата на надоместок во случај на заситена инфраструктура, ако планот за капацитети не може да се реализира или понудените решенија се неекономични и финансиски неисплатливи;
- За контрола на пристап и користење на објекти и стабилни постројки со кои не управува управителот на инфраструктурата, а кои се регулираат со договор меѓу давател на услуга и еден или повеќе превозници;
- Да издава дозволи за вршење јавен железнички превоз согласно со членот 16 од Законот за железничкиот систем;
- Да издава дозволи за вршење превоз за сопствени потреби, согласно со членот 20 од Законот за железничкиот систем;
- Да издава дозволи за управување со железничката инфраструктура, согласно со членот 21 од Законот за железничкиот систем;
- Да донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на Законот;

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија тел.факс: + 389 2 3220 407

- Да води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите на Законот за железничкиот систем и Законот за општата управна постапка;
- Да дава мислење и учествува при подготовка на закони, прописи и други акти што се однесуваат на железничките услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Република Македонија кон меѓународни договори од областа на железниците;
- Да води регистар за издадени, поништени, повлечени дозволи за вршење на јавен железнички превоз издадени на превозник и дозволи за управување со железничка инфраструктура издадени на управител на инфраструктура;
- Да го набљудува железничкиот пазар со цел да ја анализира конкуренцијата меѓу различните видови превоз и
- Да врши мониторинг на конкуренцијата на пазарот на железнички услуги, вклучувајќи го и пазарот за превоз на стока по железница.

Агенцијата одлучува во жалбена постапка, по поднесена жалба од страна на барател, доколку истиот смета дека бил неправично третиран, дискриминиран или на некој начин оштетен и не се согласува со одлуката донесена од управителот на инфраструктурата, а во врска со:

- објавата на мрежа,
- критериумите содржани во објавата на мрежа,
- процесот за доделување на инфраструктурните капацитети и постигнатите резултати,
- планот за наплата,
- висината или структурата на надоместокот за пристап до железничката инфраструктура и
- договорите за пристап согласно член 65 од Законот за железничкиот систем.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

2. Работа на Агенцијата

Работата на Агенцијата е јавна при што основни принципи се: законитост, стручност, професионалност, транспарентност и одговорност во работењето.

2.1. Органи на Агенцијата

Органи на Агенцијата се Управен одбор и Директор на Агенцијата.

Управен одбор, составен од три члена, од кои еден е претседател на Управниот одбор. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Собранието на Република Македонија, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, со мандат од четири години, со можност за уште еден мандат.

Управниот одбор одлучува на седници кои ги свикува претседателот на Управниот одбор. Седниците се јавни, но по исклучок, Управниот одбор може да одлучи дали седницата или расправата по некоја точка ќе биде затворена за јавноста. Одлуките на Управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Во 2016 година Агенцијата функционираше со Управен одбор кој не беше во континуитет во полн состав и со претседател на истиот.

Од 28 април 2015 година, по поднесена и констатираната оставка на претседателот на Управниот одбор од страна на Собранието на Република Македонија, па се до 13 октомври 2016 година кога Собранието на Република Македонија со Одлука бр. 08-4338/1 ја именува Катерина Димовска Луканоска за претседател на Управниот одбор на Агенцијата, дотогашен член на Управниот Одбор на Агенцијата, Агенцијата функционираше без претседател на Управен Одбор, односно само со два члена. Агенцијата во законскиот рок во 2016 година до Собранието на Република Македонија ги достави Годишниот извештај за работа за 2015 година на Агенцијата и Годишна програма за работа и развој за 2016 година, а актите беа усвоени од членовите на Управниот Одбор на Агенцијата. Актите на Агенцијата беа вратени од Собранието на Република Македонија со образложение дека треба да бидат доставени откако Управниот одбор ќе ги усвои согласно постапката утврдена во членовите 101, 102, 103 од Законот за железничкиот систем и тогаш ќе бидат предмет на разгледување.

По именувањето на претседател на Управниот одбор на ден 13 октомври 2016 година, Агенцијата на ден 14.10.2016 година до Собранието на Република Македонија повторно ги достави на одобрување Годишниот извештај за работа за 2015 година на Агенцијата и Годишна програма за работа и развој за 2016 година потпишани од претседателот на Управниот одбор.

Директор на Агенцијата, кој раководи со работата на Агенцијата и е одговорен за законското работење на Агенцијата. Директорот е именуван од страна на Управниот одбор по пат на јавен конкурс, со мандат од четири години и можност за уште еден мандат.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс +389 2 3220 407

Организационите единици за вршење на стручните работи за потребите на Агенцијата се:

1) Сектор за железнички сообраќај,
2) Сектор за железничка инфраструктура,
3) Сектор за економски работи,
4) Сектор за правни и општо - административни работи и
5) Сектор за информатика.

Агенцијата во моментот брои 3 вработени.

2.2. Организациска поставеност на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор



2.3. Финансирање

Средствата за работа на Агенцијата согласно закон се обезбедуваат од наплата на годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги, и тоа 1,5% од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура, од кои 30% се наплаќаат од управителот на инфраструктурата, односно ЈП МЖ Инфраструктура Скопје, и 70% од железничкиот превозник, односно МЖ Транспорт АД Скопје.

Агенцијата работи со и има своја сметка. Финансиското работење на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е во согласност со одредбите содржани во Законот за сметководство на непрофитни организации и други акти кои се однесуваат на непрофитни правни лица, позитивните прописи кои го регулираат финансиското работење на органите со јавни овластувања, како и останатите позитивните правни прописи во Република Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел./факс: + 389 2 3220 407

3. Извештај за активностите на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во 2016 година

3.1. Дозвола за вршење на јавен железнички превоз, дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби и дозвола за управување со железничката инфраструктура

Согласно член 15 од Законот за железничкиот систем, јавниот превоз на патници и/или стока железничкиот превозник го врши врз основа на дозвола за вршење на јавен железнички превоз и сертификат за сигурност за вршење на јавен железнички превоз. Дозволата за вршење на јавен железнички превоз ја издава Агенцијата.

Согласно член 20 од Законот за железничкиот систем, правно или физичко лице кои врши превоз за сопствени потреби треба да има дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби и сертификат за сигурност за вршење на превоз за сопствени потреби. Дозволата за вршење на превоз за сопствени потреби ја издава Агенцијата.

Согласно член 21 од Законот за железничкиот систем, за управување со железничката инфраструктура управителот на инфраструктура мора да има дозвола за управување со железничка инфраструктура и одобрение за сигурност за управување со железничката инфраструктура. Дозволата за управување со железничка инфраструктура ја издава Агенцијата.

Во текот на 2016 година до Агенцијата не беше поднесено барање за издавање на дозвола за вршење на јавен железнички превоз, дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби и дозвола за управување со железничката инфраструктура.

Македонски Железници Транспорт АД Скопје и Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје доставија полиси за осигурување и Агенцијата утврди дека дозволите на железничките компании се важечки, односно утврди дека железничките компании ги исполнуваат условите за поседување на дозволите.

3.1.1 Упис во Регистарот на дозволи за вршење јавен железнички превоз издадени од надлежни органи на земји членки на Европската унија

Согласно член 18 од Законот за железничкиот систем, на територијата на Република Македонија се признаваат дозволите издадени на превозници од надлежни органи на други држави во согласност со законодавството на Европската унија, а Агенцијата ја потврдува.

Во текот на 2016 година до Агенцијата не беше поднесено барање за потврдување на дозвола издадена на превозник од надлежен орган на друга држава во согласност со законодавството на Европската унија.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел./факс: + 389 2 3220 407

3.2. Жалба на железничкиот превозник по актите донесени од управителот на Инфраструктура

* Железничкиот превозник МЖ Транспорт АД Скопје, согласно член 99 од Законот за железничкиот систем, до Агенцијата поднесе Жалба број 1718/1 против Одлуката за изменување и дополнување на Објавата на мрежа за 2015 година бр. 02-2488/1-1 од 05.10.2015 година, донесена од страна на Управниот одбор на ЈПМЖ Инфраструктура Скопје

Со Одлуката за изменување и дополнување на Објавата на мрежа за 2015 година на ЈП Македонски Железници Инфраструктура се изменува и дополнува на Објавата на мрежа за 2015 година во точката „6.3.1 МИНИМАЛЕН ПАКЕТ НА УСЛУГИ", со која во табелата „Коефициент за корекција" кај патнички сообраќај во колоната „коефициент за корекција" после „Ад-хок воз" се додава нов ред „воз за превоз на мигранти" со вредност „1.67".

Македонски Железници Транспорт АД Скопје во Жалбата наведе дека управителот на инфраструктура, со Одлука бр. 02-2442/1-6 од 01.10.2015 година, во табелата за коефициент за корекција за патнички сообраќај, за Ад-хок воз, предвидел вредност од 1,1, а со нападнатата Одлука бр. 02-2488/1-1 од 05.10.2015 година, предвидел за „воз за превоз на мигранти" поголем коефициент за корекција, со вредност 1,67, истиот врши дискриминација, бидејќи за иста услуга (со ист квалитет и квантитет) сака да наплати повеќе, а што е во спротивност на погоре наведената обжалена Одлука.

Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје наведе дека со зголемување на цените на возните билети за мигрантите од страна на Македонски Железници Транспорт АД Скопје, се зголемила и продуктивноста во работењето кај жалителот, заради што Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје постапило согласно член 71 став (2) од Законот за железничкиот систем, со кој се предвидува, да во услови на зголемена продуктивност кај превозниците и за постигнување целосно покривање на трошоците на управителот на инфраструктура во текот на своето работење, истиот да може да наплатува зголемени надоместоци. Оттука, со обжалената Одлука се вовел коефициент за корекција на цената која изнесува 1,67 и тоа само за возовите во кои се превезуваат мигранти, а не и за останатите возови, заради што Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје смета дека е зголемена продуктивноста на жалителот.

Агенцијата побара од Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје да и достави Анализа за зголемена продуктивност кај превозникот Македонски Железници Транспорт АД Скопје врз основа на која е донесена обжалената Одлука.

Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје достави информација дека што се однесува до анализата за зголемена продуктивност, на општиот израз за продуктивност, кој изразува однос помеѓу количината на остварениот придонес и количина на вложениот труд за услуга, лесно е да се воочи зголемување на продуктивноста, и тоа на сметка на возовите кои превезуваат мигранти.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: +389 2 3220 407

Агенцијата при увид во документација утврди дека Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје не достави Анализа за зголемена продуктивност кај превозникот Македонски Железници Транспорт АД Скопје, односно не достави веродостојни правно - релевантни докази со кои на законит начин ќе се докаже дека се работи за „зголемена продуктивност".

Агенцијата при увидот во член 71 ставови (2), (4) и (5) од Законот за железничкиот систем, утврди дека во услови на зголемена продуктивност кај превозниците и за постигнување целосно покривање на трошоците на управителот на инфраструктура во текот на своето работење, управителот на инфраструктура може да наплатува зголемени надоместоци врз основа на ефикасни, транспарентни и недискриминаторски принципи, под услов да не се нарушат пазарните услови на работење во железничкиот превоз, се дотогаш додека гарантира оптимална конкурентност и тоа особено во меѓународниот железнички превоз на стока. За да се спречи дискриминација управителот на инфраструктура за зголемувања на надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член применува слични или исти сегменти на пазарот за слични услуги. Управителот на инфраструктура во објавата на мрежа треба да наведе дека системот на наплата ги исполнува барањата до оној степен без притоа да се откриваат доверливи деловни информации. Ако управителот на инфраструктура има намера да го измени системот за наплата од ставовите (1) и (2) на овој член е должен овие промени да ги објави најмалку три месеци однапред.

Агенцијата утврди дека обжалената Одлука е незаконита бидејќи, истата е донесена на ден 05.10.2015 година, и Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје предвидел во точката III од истата, да влезе во сила со денот на донесувањето, а да се променува за време на важење на Возниот ред за 2014/2015 година, односно за период од 05.10.2015 година до 12.12.2015 година, што е спротивно на член 71 став (5) од Законот за железничкиот систем, каде е пропишано дека, ако управителот на инфраструктура има намера да го измени системот за наплата во услови на зголемена продуктивност кај превозниците и за постигнување целосно покривање на трошоците во текот на своето работење, должен е овие промени да ги објави најмалку три месеци однапред.

Агенцијата при увидот утврди дека Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје не достави и веродостојни податоци за тоа дали Македонски Железници Транспорт АД Скопје, во периоди кога не превезува мигранти, ја користи железничката инфраструктура во полн капацитет, односно онолку за колку што плаќа надоместок спрема Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје, или ја користи помалку од капацитетот за колку што платил.

Агенцијата при увидот утврди дека мигрантите, согласно позитивните правни прописи, не претставуваат посебна категорија на патници, туку истите се само патници, како и сите други, а за чиј превоз Македонски Железници Транспорт АД Скопје му платил на Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје надомест за користење на железничката инфраструктурата за превоз на патници.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

Врз основа на горенаведеното, Агенцијата одлучи да се Усвои во целост Жалбата на Македонски Железници Транспорт АД Скопје, а Одлуката за изменување и дополнување на Објавата на мрежа за 2015 година бр. 02-2488/1-1 од 05.10.2015 година, донесена од Управниот одбор на Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје, да се Укине во целост и истата да не произведува правно дејство.

* Железничкиот превозник МЖ Транспорт АД Скопје, согласно член 99 од Законот за железничкиот систем, до Агенцијата поднесе Жалба број 2230/1 против Одлуката за изменување и дополнување на Објавата на мрежа за 2016 година бр. 02-5332/1-4 од 04.12.2015 година, донесена од страна на Управниот одбор на ЈПМЖ Инфраструктура Скопје.

Со Одлуката за изменување и дополнување на Објавата на мрежа за 2016 година на ЈП Македонски Железници Инфраструктура се изменува и дополнува на Објавата на мрежа за 2016 година во точката „6.3.1 МИНИМАЛЕН ПАКЕТ НА УСЛУГИ“, со која во табелата „Коефициент за корекција“ кај патнички сообраќај во колоната „коефициент за корекција“ после „Ад-хок воз“ се додава нов ред „воз за превоз на мигранти“ со вредност „1.67“.

Македонски Железници Транспорт АД Скопје во Жалбата наведе дека обжалената Одлука бр. 02-5332/1-4 од 04.12.2015 година, во табелата за коефициент за корекција за патнички сообраќај, за Ад-хок воз, предвидел вредност од 1,1, а со нападнатата Одлука бр. 02-5332/1-4 од 04.12.2015 година, предвидел за „воз за превоз на мигранти“ поголем коефициент за корекција, со вредност 1,67, истиот врши дискриминација, бидејќи за иста услуга (со ист квалитет и квантитет) сака да наплати повеќе, а што е во спротивност со Објавата на мрежа за 2016 година.

Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје наведе дека со зголемување на цените на возните билети за мигрантите од страна на Македонски Железници Транспорт АД Скопје, се зголемила и продуктивноста во работењето кај жалителот, заради што Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје постапило согласно член 71 став (2) од Законот за железничкиот систем, со кој се предвидува, да во услови на зголемена продуктивност кај превозниците и за постигнување целосно покривање на трошоците на управителот на инфраструктура во текот на своето работење, истиот да може да наплатува зголемени надоместоци. Оттука, со обжалената Одлука се вовел коефициент за корекција на цената која изнесува 1,67 и тоа само за возовите во кои се превезуваат мигранти, а не и за останатите возови, заради што Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје смета дека е зголемена продуктивноста на жалителот.

Агенцијата побара од Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје да и достави Анализа за зголемена продуктивност кај превозникот Македонски Железници Транспорт АД Скопје врз основа на која е донесена обжалената Одлука.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс + 389 2 3220 407

Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје достави информација дека што се однесува до анализата за зголемена продуктивност, на општиот израз за продуктивност, кој изразува однос помеѓу количината на остварениот придонес и количина на вложениот труд за услуга, лесно е да се воочи зголемување на продуктивноста, и тоа на сметка на возовите кои превезуваат мигранти.

Агенцијата при увид во документација утврди дека Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје не достави Анализа за зголемена продуктивност кај превозникот Македонски Железници Транспорт АД Скопје, односно не достави веродостојни правно - релевантни докази со кои на законит начин ќе се докаже дека се работи за „зголемена продуктивност".

Агенцијата при увидот во член 71 ставови (2), (4) и (5) од Законот за железничкиот систем, утврди дека во услови на зголемена продуктивност кај превозниците и за постигнување целосно покривање на трошоците на управителот на инфраструктура во текот на своето работење, управителот на инфраструктура може да наплатува зголемени надоместоци врз основа на ефикасни, транспарентни и недискриминаторски принципи, под услов да не се нарушат пазарните услови на работење во железничкиот превоз, се дотогаш додека гарантира оптимална конкурентност и тоа особено во меѓународниот железнички превоз на стока. За да се спречи дискриминација управителот на инфраструктура за зголемувања на надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член применува слични или исти сегменти на пазарот за слични услуги. Управителот на инфраструктура во објавата на мрежа треба да наведе дека системот на наплата ги исполнува барањата до оној степен без притоа да се откриваат доверливи деловни информации. Ако управителот на инфраструктура има намера да го измени системот за наплата од ставовите (1) и (2) на овој член е должен овие промени да ги објави најмалку три месеци однапред.

Агенцијата утврди дека обжалената Одлука е незаконита бидејќи, истата е донесена на ден 04.12.2015 година, и Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје предвидел во точката III од истата, да влезе во сила со денот на донесувањето, а да се променува за време на важење на Возниот ред за 2015/2016 година, односно да влезе во сила од ден 13.12.2015 година, што е спротивно на член 71 став (5) од Законот за железничкиот систем, каде е пропишано дека, ако управителот на инфраструктура има намера да го измени системот за наплата во услови на зголемена продуктивност кај превозниците и за постигнување целосно покривање на трошоците во текот на своето работење, должен е овие промени да ги објави најмалку три месеци однапред. Што значи дека, согласно оваа законска одредба, обжалената Одлука треба да влезе во сила по истекот на три месеци сметано од денот на нејзиното донесување, а не и на денот на нејзиното донесување.

Агенцијата при увидот утврди дека Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје не достави и веродостојни податоци за тоа дали

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

Македонски Железници Транспорт АД Скопје, во периоди кога не превезува мигранти, ја користи железничката инфраструктура во полн капацитет, односно онолку за колку што плаќа надоместок спрема Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје, или ја користи помалку од капацитетот за колку што платил.

Агенцијата при увидот утврди дека мигрантите, согласно позитивните правни прописи, не претставуваат посебна категорија на патници, туку истите се само патници, како и сите други, а за чиј превоз Македонски Железници Транспорт АД Скопје му платил на Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје надомест за користење на железничката инфраструктурата за превоз на патници.

Врз основа на горенаведеното, Агенцијата одлучи да се Усвои во целост Жалбата на Македонски Железници Транспорт АД Скопје, а Одлуката за изменување и дополнување на Објавата на мрежа за 2016 година бр. 02-5332/1-4 од 04.12.2015 година, донесена од Управниот одбор на Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје, да се Поништи во целост и истата да не произведува правно дејство.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

3.3. Соработка со национални државни органи, организации и институции

- Агенцијата до Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер на ден 13.01.2016 година достави Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за календарската 2015 година.

- Агенцијата ја одобри Годишната сметка за 2015 година на Агенцијата и истата беше доставена до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар на Република Македонија на ден 24.02.2016 година, согласно Законот за сметководство на непрофитни организации.

- Агенцијата побара од МЖ Транспорт АД Скопје и ЈПМЖ Инфраструктура - Скопје да и достават извештаи за состојбата на пазарот на железничките услуги во Република Македонија за 2015 година, по што железничките компаниите постапија.

- Агенцијата на барање на Министерството за транспорт и врски во јуни 2016 година номинираше свои членови во Заедничката комисија за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за утврдување на граничните процедури за железничкиот граничен премин Табановце - Прешево.

- Претставник на Агенцијата, како член на Заедничката комисија за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за утврдување на граничните процедури за железничкиот граничен премин Табановце - Прешево, присуствуваше на првиот состанок на Комисијата кој ќе се одржи во Белград, Република Србија на ден 31.08.2016 година.

- Агенцијата на барање на Владата на Република Македонија достави свое Мислење во врска со Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2017 година, Финансиската програма за 2017 година и Инвестиционата програма за 2017 година - 2019 година на Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје.

- Агенцијата на барање на Владата на Република Македонија достави свое Мислење во врска со Бизнис планот за 2017 година, Финансиската програма за 2017 година и Планот за работење за период 2017-2019 година на Македонски Железници Транспорт АД Скопје.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел/факс + 389 2 3220 407

- Агенцијата на барање на Министерството за транспорт и врски достави свое Мислење во врска со Предлог Договорот за вршење јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2017-2019 година, кој треба да се склучи помеѓу Министерството за транспорт и врски и МЖ Транспорт АД Скопје.

- Агенцијата во неколку наврати во 2016 година го извести МЖ Транспорт АД Скопје за почитување на законските одредби од Законот за железничкиот систем за подмирување на заостанатиот долг по основ на годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги, согласно Решението за годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2014 година УП I бр. 01/2014 на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор од ден 07.03.2014 година, како и согласно Решението за годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2015 година УП I бр. 03/2015 на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор од ден 04.03.2015 година.

- Агенцијата побара од МЖ Транспорт АД Скопје и ЈПМЖ Инфраструктура - Скопје да доставаат Статистички податоци за 2015 година. Железничкиот превозник и управителот на инфраструктура по доставените барања од Агенцијата, доставија Статистички податоци за 2015 година.

- ЈП МЖ Инфраструктура – СКОПЈЕ достави до Агенцијата Објава на мрежа за 2017 година.

- Претседателот на Управниот одбор Ана Виткова на ден 16 април 2015 година поднесе оставка, и истата беше констатирана од Собранието на Република Македонија на ден 28 април 2015 година. За констатираната оставка Собранието на Република Македонија ја извести Агенцијата со Известување број 08-1739/10. На ден 13 октомври 2016 година Собранието на Република Македонија со Одлука бр. 08-4338/1 ја именува Катерина Димовска Луканоска за претседател на Управниот одбор на Агенцијата, дотогашен член на Управниот Одбор на Агенцијата.

- Агенцијата на ден 14.10.2016 година до Собранието на Република Македонија го достави на одобрување Годишниот извештај за работа за 2015 година на Агенцијата потпишан од претседателот на Управниот одбор.

- Агенцијата на ден 14.10.2016 година до Собранието на Република Македонија го достави на одобрување на Годишна програма за работа и развој за 2016 година на Агенцијата потпишана од претседателот на Управниот одбор.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

- Агенцијата на ден 18.11.2016 година до Собранието на Република Македонија го достави на одобрување на Годишна програма за работа и развој за 2017 година на Агенцијата потпишана од претседателот на Управниот одбор.

- До Агенцијата беше доставена Препораката на Владата на Република Македонија во врска со проектот „Учиме од бизнис заедницата - петти циклус посети на компании", со цел да се разгледаат систематските проблеми во областа на железничкиот транспорт, како и иницијативата за намалување на цената на овој вид транспорт.
  Агенцијата одржа состанок со претставниците на Министерството за транспорт и врски, Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје и Македонски Железнички Транспорт АД Скопје и се

  предложи нивните претставници да подготват алтернативни решенија поткрепени со податоци и анализи за надминување на состојбата во железничкиот транспорт.
  Агенцијата ги достави до Владата на Република Македонија податоците, материјалите и статистички податоци добиени од Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје и Македонски Железнички Транспорт АД Скопје, и ги предложи следниве чекори за надминување на состојбата во железничкиот систем:

  1. Реорганизација на Македонски Железнички Транспорт АД Скопје и нејзина поделба на две независни и во целост одвоени компании, и тоа Железничка компанија за превоз на патници и Железничка компанија за превоз на товар - Предлог доставен од Македонски Железници Транспорт АД Скопје.

  2. Либерализација на пазарот на железнички услуги, со која ќе се подобри искористеноста на железничката инфраструктура и ќе се допринесе за коригирање на цената на железничките услуги во товарниот железнички превоз -Предлог доставен од Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура Скопје.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

3.4. Меѓународна соработка

Во текот на 2016 година Агенцијата имаше неколку билатерални и мултилатерални средби со регулаторни тела и други учесници во железничкиот сектор од регионот и Европска унија и тоа:

- Претставник на Агенцијата учествуваше на Деветтиот состанок на Европската мрежа на железничките регулаторни тела кој се одржи во Брисел, Република Белгија, во периодот од 17-20.01.2016 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на состанокот на „Европската мрежа на железнички регулаторни тела", кој се одржи во Виена, Република Австрија, во периодот од 26-30.06.2016 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Меѓународната конференција за развој на железничкиот систем во Југоисточна Европа, која се одржа во Приштина, Република Косово, во периодот од 15-16.09.2016 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Пленарното Собрание на IRG-Rail, кое се одржа во Варшава, Република Полска, во периодот од 08-11.11.2016 година година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Билатерална средба со Регулаторниот одбор за железница на Босна и Херцеговина, која се одржи во Добој, Република Босна и Херцеговина, во периодот од 16-19.10.2016 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Билатерална средба со регулаторното тело на Република Србија и СЕЕТО годишен состанок на Министрите за развој на Транс Европските Мрежи (TEN-T Core Network) на земјите од Западен Балкан, кои се одржаа во Белград, Република Србија, во периодот од 29.11-02.12.2016 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на состанокот на Европската мрежа на регулаторни железнички тела, кој се одржи во Брисел, Република Белгија, во периодот од 05-07.12.2016 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на состанокот на Европската комисија и Rail Net Europe, кој ќе се одржи во Виена, Република Австрија, во периодот од 08-10.12.2016 година.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

4. Контрола на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и права на патниците и услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници

Контрола на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и права на патниците и услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници согласно законот за железнички систем го врши Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор. Почитувањето на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и правата на патниците, од страна на железничките превозници (во моментов, МЖ Транспорт АД Скопје), Агенцијата ги следи преку исполнувањето на услугите кои се утврдени во "Договорот за вршење јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата", за период 2014-2016 година, склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и МЖ Транспорт АД Скопје. Во Договор се дефинирани следните услуги:

- Безбеден и сигурен превоз на патници од почетната до крајната дестинација;
- Придржување и почитување на возниот ред;
- Одржување на хигиена во возовите;
- Обележување на возот;
- Осветлување на возот;
- Греење на возот (во зимски услови);
- Поседување на доволно капацитети во секој момент во зависност од потребата за превоз на патници и
- Овозможување на продажба на билети во билетарниците и во воз.

Почитувањето на квалитетот на услугите кои **управителот на инфраструктурата** им ги обезбедува на железничките превозници (во моментов, ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје) се следи преку исполнувањето на услугите кои се утврдени во Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски за обезбедување и реализирање на финансиски средства наменети за железничката инфраструктура, склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

Утврдените услуги се:

- Точност;
- Сигурност;
- Пристап;
- Достапност;
- Состојба на пазарот и
- Надоместок за заситена инфраструктура.

Агенцијата оваа надлежност ја извршува преку добиените периодични извештаи од двете железнички компании и преку свои овластени лица на терен на лице место. Во текот на 2016 година Агенцијата спроведе контроли на квалитетот на услугите кои железничките превозници им го обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај како мониторинг за почитување на права на патниците и контрола на квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктура им ги обезбедува на железничките превозници.

Во периодот јануари - декември 2016 година Агенцијата изврши повеќе контроли во поголемите железничките станици: Скопје, Велес, Кичево, Гостивар, Штип, Богомила, Чашка и Битола.

Контролата се состои во утврдување на отстапување и непочитување на квалитетот на услугите кои железничкиот превозник им ги обезбедува на патниците во железничкиот сообраќај и контроли на квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктура им ги обезбедува на железничките превозници.

Констатирани се следниве недостатоци: станичните табли не се закачени на прописно место, не се осветлени при што во вечерните часови се предизвикува неможност патниците да се информираат, односно ориентираат на која железничката станица се, хигиената во возовите е на ниско ниво и слично, Агенцијата ги извести МЖ Транспорт АД Скопје и ЈП МЖ Инфраструктура Скопје во насока да ги преземат сите потребни мерки од нивна надлежност за отстранување на истите.

Во однос на исполнување на критериумите за квалитет од страна на ЈП МЖ Инфраструктура за 2016 година до Агенцијата беа доставени следниве податоци:

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

КРИТЕРИУМИ ЗА КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ КОИ УПРАВИТЕЛОТ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ИМ ГИ ОБЕЗБЕДУВА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ ПРЕВОЗНИЦИ

	ТОЧНОСТ	2013	2014	2015	2016
ИКТ 1	Однос на возовите за превоз на патници/барање и добивање/по број и категорија на возови	39/39	41/41	41/41	42/42
ИКТ 2	Однос на возовите за превоз на товар/барање и добивање/по број и категорија на возови	129/129	136/136	128/128	131/131
ИКТ 3	Максимална техничка брзина по делници	**100 км/час**	**100 км/час**	**100 км/час**	**100 км/час**
ИКТ 4	Постојани и повремени намалувања брзината на движење (вкупно време годишно)	Постојани намалувања на брзина на движење (стр.24-32 од Прирачникот на железнички пруги)	Постојани намалувања на брзина на движење (стр.24-32 од Прирачникот на железнички пруги)	Постојани намалувања на брзина на движење	Постојани намалувања на брзина на движење (стр.24-32 од Прирачникот на железнички пруги)
ИКТ 5	План за ремонти по инфраструктурата (вкупно време годишно)	1.814 часа	2.446 часа	3102 часа	2920 часа
ИКТ 6	Комерцијална брзина км/час				
ИКТ 7	Тонажа на возовите				
	БЕЗБЕДНОСТ	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**
ИКБ 1	Вкупен број на вонредни настани	98	90	115	88
ИКБ 2	Вонредни настани по причинители на управителот на инфраструктурата(вкупно)	8	7	30	6
ИКБ 21	Товарни возови	6	5	23	6
ИКБ 22	Патнички возови	2	2	7	0
ИКБ 3	Нерегуларности при управување на движењето(број-годишно)				
ИКБ 4	Број на излези од шини	15	12	23	13

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 62/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел/факс: + 389 2 3220 407

ИКБ 5	Годишна оценка на безбедноста од инспекторатот				
	ПРИСТАП	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**
ИКП 1	Вкупен број на траси за пристап	628	432	689	689
ИКП 11	Товарни возови	448	270	402	402
ИКП 12	Патнички возови	180	162	287	287
ИКП 2	Барани траси	168	175	170	173
ИКП 21	Товарни возови	129	130	129	131
ИКП 22	Патнички возови	39	45	41	42
ИКП 3	Дадени траси по договор	168	175	170	173
ИКП 31	Товарни возови	129	130	129	131
ИКП 32	Патнички возови	39	45	41	42
ИКП 4	Исполнети траси	207	164	169	171
ИКП 41	Товарни возови	161	123	128	131
ИКП 42	Патнички возови	46	41	41	40
ИКП 5	Неисполнети траси по вина на управителот на инфраструктурата	0	2	0	0
ИКП 51	Товарни возови	0	0	0	0
ИКП 52	Патнички возови	0	2	0	0
ИКП 6	Неисполнети траси по вина на железничкиот превозник	16	9	1	2
ИКП 61	Товарни возови	14	7	1	0
ИКП 2	Патнички возови	2	2	0	2
	ДОСТАПНОСТ	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**
ИКД 1	Пристапност на транспортни средства за инвалиди/број на возови/	0	0	0	0
ИКД 2	Можност за движење на инвалидизирани лица до и од станицата/број на станици/	0	0	0	0
	СОСТОЈБА НА ПАЗАР				
ИКЖП 1	**Продуктивност**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**
ИКЖП11	Трошоци на воз км. (во денари)	704,01	645,88	647,47	685,40
ИКЖП12	Трошоци по железнички линии (во денари)	16.699.415	1.575.960	1.458.195	1.358.182

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

ИКЖП13	Субвенции на воз км.				
ИКЖП14	Такса за достап на километар од линијата	161,13	157,87	173,90	193,9
ИКЖП2	**Состојба на активите**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**
ИКЖП21	Трошоци за ремонт на станични згради				
ИКЖП22	Искористеност на инфраструктурата/број планирани прекини/	48,32/68	32,60/49	17,68/134	28,49/185
ИКЖП23	Прекини и задоцнувања по железничката линија после ремонт (вкупно време)	427 часа	856 часа	1195 часа и 35 минути	832 часа
ИКЖП3	**Финансиска состојба**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**
ИКЖП31	Промена на трошоците (вкупен трошок – однос наредна во однос на претходна година)	112.175	-93.455	-117.765	-100.013
ИКЖП32	Добиено финансирање/долгови				
ИКЖП33	Приходи/трошоци	0,76	0,70	0,66	0,64
	НАДОМЕСТОК ЗА ЗАСИТЕНА ИНФРАСТРУКТУРА	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**
ИКН1	Такса за пристап на километар од линијата(просек патнички и теретен)				

Податоците за Критериумите за квалитет на услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници за 2016 година, кои се добиени од ЈПМЖ Инфраструктура, не се комплетни согласно договорените и усогласени параметри. Добиените податоци покажуваат одредени состојби и трендови кои оставаат простор за коментар.

Точност

- Критериумот за точност ИКТ 4, нема податок за повремени намалувања на брзината што е сериозен параметар за оценка на квалитетот на услугите.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

- Критериумот за точност ИКТ 5, нема податоци за реализирано од планираниот обем на ремонт и на кои пруги, а истовремено бројот на часовите предвидени за ремонт на годишно ниво е многу висок и се движи околу 3. 000 часа или по 8 часа на секои 24 часа дневно во сите 365 дена годишно, што значи работа на ремонт и во сабота, недела и сите државни празници.
- За Критериумот ИКТ 6 со кој треба да се анализираат податоците за комерцијалната брзина како еден од клучните податоци за квалитетот на услугите од страна на инфраструктурата нема податоци и
- За критериумот ИКТ 7 кој се однесува за тонажа на возовите нема податоци.

Безбедност

Во 2016 год. според добиените податоци за ИКБ 1 намален е бројот на вонредни настани за 24% при што под критериумот ИКБ 2.2 не е регистриран ниту еден вонреден настан во патничкиот сообраќај како причинител инфраструктурата.

Пристап, Достапност

Во однос на Пристапот, состојбата е непроменета во однос на 2015 година, како и во однос на критериумот Достапност.

Состојба на пазарот

Критериумот ИКЖП 1.1 трошоци на воз км. е зголемен за 6%, додека таксата за достап на километар од линијата, критериумот ИКЖП 1.4, е зголемена за 11,5%.

Состојба на активите

За критериумот ИКЖП 2.1 за трошоците за ремонт на станични згради нема никаков податок, иако во 2016 година имаше значајни инвестициски активности на станичните згради.

Критериумот ИКЖП 1.2 искористеност на инфраструктурата покажува зголемено искористување од 17% на 28%, но сепак и понатаму останува изразито мало искористување на капацитетот на инфраструктурата.

Критериумот ИКЖП 2.3, кој ги прикажува прекините и задоцнувањата по железничката линија после ремонт е со вкупно време од 832 часа во 2016 година, иако е намалено во однос на 2015 година, претставува податок кој остава доста простор за поефикасно работење.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

4.1. Анкета за почитување на правата на патниците во превоз со железница

Во текот на 2016 година Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на Република Македонија, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем, спроведе Анкета меѓу патниците во декември 2016 година. Целта на Анкетите беше да добиеме информации за почитување на правата на патниците, директно од нив.

За реализација на Анкетата беше подготвен еден структурен прашалник за патниците во возовите, кој беше спроведен на 500 испитаници во возови на релација Скопје – Табановце - Скопје, Скопје – Кичево - Скопје, Скопје – Кочани - Скопје, Скопје – Велес - Скопје и Скопје – Гевгелија - Скопје.

Во понатамошниот дел од извештајот за одредени позначајни прашања поставени до патниците прикажан е преглед на одговорите на патниците по години:

1. За што ја користите железницата?

ГОДИНА	Зашто ја користите железницата како превозно средство?				
	Единствено превозно средство до Вашата дестинација	Ви одговара возниот ред	Цената на патувањето е поволна	Услугата е квалитетна	Друго
2010	11%	16%	64%	3%	6%
2011	7,80%	18%	70%	0,20%	3%
2012	24%	21%	42%	4%	9%
2013	/	27%	51%	1%	19%
2014	24%	17%	51%	2%	5%
2015	26%	20%	43%	4%	7%
2016	6%	22%	59%	9%	4%



АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел./факс: + 389 2 3220 407

2. Дали од Македонски железници сте информирани за Вашите права како патник?

ГОДИНА	Целосно сум информиран	Делумно сум информиран	Не сум информиран
2010	16%	44%	40%
2011	14,40%	38,40%	46,40%
2012	15%	34%	51%
2013	12,22%	36,87%	50,90%
2014	25%	49%	26%
2015	27%	48%	25%
2016	15%	56%	29%



АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: +389 2 3220 407

3. Дали Вашето патување започна на време?

ГОДИНА	На време	Со задоцнување од 15 минути	Со задоцнување поголемо од 15 минути	Со задоцнување поголемо од 30 минути
2010	43%	27%	15%	15%
2011	28,80%	28,20%	15,60%	5%
2012	82%	14%	4%	0%
2013	54,96%	22,52%	8,06%	14,46%
2014	86%	12%	2%	0%
2015	68%	20%	5%	7%
2016	82%	14%	3%	1%



АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧНИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: +389 2 3220 407

4. Дали возот е (Оцена од 1 до 5) :

ГОДИНА	Означен	Осветлен	Загреан во зимски услови	Има ли доволен капацитет на седишта според потребите на патниците	Хигиена во вагоните	Хигена во санитарните јазли
2010	2,83	3,20	2,36	2,22	1,79	/
2011	2,11	3,08	2,35	2,29	1,85	/
2012	3,15	4,63	3,14	3,40	1,99	1,27
2013	2,50	3,49	2,41	3,57	1,70	/
2014	3,87	4,43	3,46	2,95	2,56	1,83
2015	2,50	2,76	1,89	1,99	1,36	1,46
2016	3,56	3,63	2,97	2,83	2,30	2,19



АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

5. Дали сте запознати со постапката за жалба доколку не сте задоволен со услугата?

ГОДИНА	ДА	НЕ
2010	18%	82%
2011	15%	85%
2012	5%	95%
2013	17,25%	82,75%
2014	18%	82%
2015	16%	84%
2016	33%	67%

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел./факс: + 389 2 3220 407

6. Како би ги оцениле стандардите за квалитет на услугите кои ги добивате при патување со Македонски железници АД Транспорт?

ГОДИНА	Како би ги оцениле стандардите за квалитет на услугите кои ги добивате при патување со Македонски железници АД Транспорт? (од 1 до 5)
2010	2,10
2011	2,10
2012	2,04
2013	2,40
2014	3,01
2015	2,44
2016	2,81



Со Анкетата се оценети стандардите за квалитет на услугите кои ги добиваат патниците при патување со Македонски железници АД Транспорт, со оценки од 1 до 5. Од анализата на податоците по однос на прашањето добиена е средна оценка од **2,81**.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел/факс: + 389 2 3220 407

Од добиените одговори на патниците произлегуваат следните заклучоци:

- Возовите ги користат група на патници од 25-64 години (работоспособна популација) во работни денови, а додека во викенди користењето на железничкиот патнички транспорт го користат и помладите и постарите граѓани
- Бројот на патници кој го користат железничкиот патнички транспорт е значително поголем во викендите од колку во работни денови.
- Железничкиот патнички транспорт за време на викендите најголем процент на застапеност на патници го сочинуваат групите „од 15-18 години"(ученици) и „од 19-24 години"(студенти).
- Застапеноста на машката во однос на женската популација која го користи железничкиот патнички сообраќај во зависност од групата во која припаѓа ни покажува дека во помладата популација застапеноста е рамноправна или во блага предност за женската популација, додека во постарата популација застапеноста на женската популација наспроти машката е 1 наспрема 2.
- Патничкиот железнички транспорт константно го користат патниците како превоз до работно место или за превоз до местото за школување, додека бројот на патници кој го користат истиот превоз како транспорт за одмор или викенд и посета на пријатели неколкупати се зголемува во време на викенди.
- Патниците кои ја користат железницата како прв услов и приоритет за нив е економскиот аспект и ниската цена на овој превоз.
- Патниците кои го користат возот како превозно средство најдостапни со среден резултат (добар) им се "Возен ред и услови за најниски цени за патување (Попусти по категории)"(3,89) и "Возен ред и услови/начин за најбрзото патување"(3,14).
- Најлошата оценка е за прашањето "Пристапност и услови за пристап на велосипеди" со (2,16) и "Пристапност, услови за пристап и достапност до објектите (во возот) за лица со посебни потреби" (2,20), со што се покажува потреба од подобрување во железничката инфраструктура и пристап.
- Патниците кои го користат возот како превозно средство на различни релации имаат различни или нееднаков пристап до информациите кој ги добиваат.
- Од 10 патници дури 8 патници не им се достапни никакви информации во текот на патувањето, со исклучок на новата композиција Скопје - Битола - Скопје која всушност го подига и општиот просек, каде на повеќето прашања преовладува одговорот „ДА" за разлика од останатите линии.
- Патниците за време на патувањето добиваат просечни информации. Дури скоро половина од патниците ги оценуваат информациите кои ги добиваат со оценка 3.
- Патниците се задоволни од точноста на возовите и почитувањето на возниот ред при тргнување на возовите. Иако мора да се напомене дека имаат бројни забелешки за неможноста и потешкотиите да дојдат до информациите за возниот ред, како начинот за пристапност до истиот (неможноста телефонски да ги добијат информаторите, немање интернет систем за навремено јавување и известување, неточни и неажурни информации).

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

- Возовите општо земени се „осветлени“ и „означени“ по сите линии со задоволителна оценка.
- Патниците иако имаат средна висока вредност од индекс скоро 4, сепак во зависност од трасата, нивните одговори се разликуваат и отстапуваат со двојна вредност.
- Во делот на Железничките Станици, патниците имаат жалби во однос на пристапот и покриеноста на пероните, а посебно во врнежливи и ладни денови.
- Патниците не се запознаени или недоволно се запознаени со “постапката за жалба доколку не сте задоволни со услугата“.
- Патниците укажуваат на потребата за подобрување на “стандардите за квалитет на услуги кои ги добиваат при патувањето“. Секако треба да се напомене дека патниците на обновените патнички линии со нови превозни средства имаат позитивен одговор и видно се задоволни.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

5. Состојба на пазарот на железничките услуги во Република Македонија за 2016 година

5.1. Состојба на пазарот на железничкиот товарен сообраќај

Железничкиот товарен сообраќај во Европа постепено се опоравува по периодот на економската криза која се одрази и на овој вод сообраќај. Но тоа не е случај со железничкиот сообраќај во Република Македонија. Заради пролонгирање на ремонтот на пругата на коридорот 10, со што беше нарушена најавената динамика за оспособување на коридорот за поголема брзина, изостана интересот на европските транспортни компании за користење на нашиот коридор како транзит од средна Европа кон солунското пристаниште. Истовремено на коридорот се случија и блокирања на железничката пруга во Грција со што исто така се наруши нормалниот тек на товарниот сообраќај. Во текот на изминатата и оваа година и во Србија се работи на реконструкција на дел од коридорот 10. Во вакви услови компаниите кои користеа железнички превоз за своите товари се ориентираа на алтернативни решенија.

Анализата на податоците за состојбата во железничкиот товарен сообраќај покажува дека во 2016 година обемот на превоз е 1.358.041 тони и во однос на претходната 2015 година (1.565.775 тони), е помал за 15 %.

Графикон 1. Обем на превезена стока (000 тони)



Состојбата на железничкиот товарен сообраќај во Република Македонија претставена е преку податоците на МЖ Транспорт АД Скопје.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: +389 2 3220 407

Табела 1. Структура и обем на стоки превезени со железница (тони)

	2011	2012	2013	2014	2015	2016
Земјоделски производи, производи од лов и шумарство, риби и други производи од риболов	1,579	1,433	2,181	1,820	1.965	2.310
Јаглен и лигнит, сурова нафта и природен гас	179,274	295,113	246,855	174,903	61.129	37.999
Метални руди и други производи на рударството и вадењето камен, тресет, уранова иториумова руда	491,503	575,109	527,316	573,414	45.991	0
Прехранбени производи, пијалаци и тутунски производи	209,158	197,747	223,682	180,941	136.333	116.550
Текстил и текстилни производи, кожа и кожни производи	1,343	1,964	4,097	4,695	2.567	2.457
Дрво и производи од дрво и плута (освен мебел), предмети од слама и плетарски материјали, целулоза, хартија и производи од хартија, материјали за печатење и снимени записи	202,845	168,260	159,598	152,327	114.306	96.917
Кокс и производи од рафинирање на нафта	298,080	277,815	240,282	216,909	172.528	136.812
Хемикалии, хемиски производи, вештачки и синтетички влакна, производи од гума и пластични маси, нуклеарни	56,759	44,307	63,677	89,091	82.507	81.071
Други неметални минерални производи	34,100	34,387	32,267	29,332	19.405	16.346
Основни метали, произведени метални производи, освен машини и постројки	803,046	533,072	385,385	510,053	484.941	584.154
Машини и постројки, неспомнати на друго место, канцеларски машини и компјутери електрични машини и апарати, неспомнати на друго место, радија, телевизори и комуникациски постројки и апарати, медицински, прецизни и оптички инструменти, часовници и рачни часовници	17,987	11,978	14,392	12,385	8.627	7.757
Транспортни средства	8,611	6,233	2,635	3,360	5.604	3.877
Мебел,др. произведена стока, неспомната на друго место	10,580	2,873	6,407	5,861	2.450	463
Секундарни суровини, комунален отпад и друг отпад	0	0	0	0	0	0
Поштенски пратки	0	0	0	0	0	0
Опрема и материјали кои се користат во транспортот на стоки	426,769	361,529	339,974	385,495	389.491	244.494
Пренесување на стоки заради преселување на домаќинства и канцеларии, пренесување на багаж одвоено од патниците, пренесување на возила за поправка, други непродажни стоки, неспомнати на друго место	3,212	3,559	1,591	1,232	932	906
Групирани стоки, мешани видови на стоки кои се транспортираат заедно	669	122	0	0	162	392
Неидентификувани (неодредени) стоки, стоки кои поради некоја причина не можат да бидат идентификувани и не можат да бидат распоредени во групите од 01 до 16	275	440	578	655	371	1.039

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

Други стоки, неспомнати на друго место	24,693	22,938	31,920	34,071	36.466	24.498
Вкупно превезена стока со железница, тони	**2,770,483**	**2,538,879**	**2,282,837**	**2,376,544**	1.565.775	1.358.041

Анализата на структурата на стоката која се превезува со железница во 2016 година покажува дека железницата најмногу се користи за превоз на производи и суровини од страна на компаниите кои стопанисуваат во метало - преработувачката индустрија, рударството и транспортот. Истовремено, најголемиот дел од превозите е во меѓународниот превоз на стока и тоа стока во увоз и стока која минува транзит низ Република Македонија.

Возните километри претставуваат основа за пресметување на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, кој управителот на инфраструктурата им го наплаќа на превозниците. Возните километри во товарниот сообраќај кои превозникот ги остварил во 2016 година изнесуваат 420.515 км. што во споредба со остварените 532.000 км. во 2015 година е за 26,6% помалку од претходната година.

Графикон 4. Остварени возни километри во товарниот сообраќај (000)

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

5.2. Состојба на пазарот на железнички патнички сообраќај

Патничкиот сообраќај во 2016 година бележи исклучително големо намалување на бројот на патниците од 1.022.274 во 2015 година на само 662.920 патници во 2016 година, што претставува намалување за цели 54%. Ова може да е резултат на зголемениот број на патници во 2015 година заради бегалската криза т.е. превозот на мигранти. Истовремено патничките возни километри од 1.639.505 км. во 2015 година се намалени на 1.512.539 км. во 2016 година. Ова претставува намалување од 8.4% на патничките возни километри. Овие резултати се постигнати по пристигнување на 4 од вкупно 6 предвидени нови патнички возови

Обемот на превоз во патничкиот железнички сообраќај е прикажан преку следниов графикон:

Графикон 5. Превезени патници



АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул Мита Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

Остварените возни километри во патничкиот сообраќај во 2016 година изнесуваат 1.512.539 км.

Графикон 6. Остварени возни километри во патничкиот сообраќај (000)

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

6. Извештај за финансискиот план и финансиски извештај за 2016 година на Агенцијата усвоен од Управниот одбор на Агенцијата

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор согласно член 108 од Законот за железничкиот систем своето работење го финансира од средствата остварени од годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги, и тоа од управителот на железничката инфраструктура и железничкиот оператор – превозник. Агенцијата како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со Закон има и целосна финансиска независност, кое е еден од предусловите за целосно функционирање како независно регулаторно тело.

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор го заснова своето сметководствено и финансиско работење, признавањето на приходите и расходите, проценката на билансните позиции и составувањето и изготвувањето на финансиските и сметководствените извештаи на Законот за сметководство за непрофитните организации, Правилникот за сметководство за непрофитните организации, Правилникот за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации, Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации, Законот за данок од добивка, Законот за персоналниот данок од доход и други прописи кои го регулираат и уредуваат финансиското и сметководствено работење.

Финансиското работење се темели на ресурсите, потребите и мисијата на Агенцијата кои се во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од Законот за железнички систем и активностите дефинирани со Годишната програма за работа и развој (во која составен дел е и финансискиот план).

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за 2016 година, усвоена од страна на членовите на Управниот одбор со Одлука број 01-375/1 од ден 22 октомври 2015 година беше доставена на одобрување до Собранието на Република Македонија на ден 22 октомври 2015 година. На ден 27 октомври 2015 година Собранието на Република Македонија со известување број 08-4837/2 ја враќа Годишната програма на Агенцијата назад, со образложение дека од ден 28 април 2015 година Управниот одбор на Агенцијата нема претседател, односно дека истата ќе биде предмет на разгледување откако Управниот одбор ќе ја усвои согласно постапката утврдена во членовите 101, 102, 103 од Законот за железничкиот систем.

По именување на претседател на Управниот одбор од страна на Собранието на Република Македонија, со Одлука бр. 08-4338/1 од 13 октомври 2016 година, веднаш наредниот ден 14.10.2016 година Управниот одбор на Агенцијата одржа седница и со Одлука бр. 01-253/1 од ден 14.10.2016 година ја усвои Годишна програма за работа и развој за 2016 година. Истиот ден на 14.10.2016 година Годишна програма за работа и развој за 2016 година потпишана од претседателот на Управниот одбор и повторно е доставена на одобрување до Собранието на Република Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул.Мито Хаџиваселев-Јасмин бр 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс +389 2 3220 407

Од презентираните финансиски извештаи за 2016 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор која своите активности ги извршува според активностите дефинирани со Годишната програма за работа и развој за 2016 година усвоена од Управниот одбор на Агенцијата, се гледа коректното работење на Агенцијата во исполнување на законските обврски и нејзините темелните задолженија сведувајќи ги расходите на минимално опстојувачко ниво.

Финансискиот план кој е составен дел Годишната програма за работа и развој за 2016 година во приходниот дел е реализиран со 53 %, а расходниот дел е реализиран со 33%

6.1 РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ

Во 2016 година Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор се финансираше исклучиво од наплата на годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги и тоа од управителот на железничката инфраструктура и железничкиот превозник. Начинот на пресметка и наплата на годишната такса е дефиниран во членот 108 од Законот за железничкиот систем, односно годишната такса изнесува 1,5 % од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура. Управителот на инфраструктурата и превозникот се должни да ја платат таксата на два еднакви дела најдоцна до 31 Март и 30 Септември.

Во 2016 година Агенцијата реализира вкупен приход од 8,425,735 денари кое е 53% од планираниот приход во износ од 15,870,000 денари и тоа:

- Од годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2016 година остварен е приход од 1,910,180 денари. Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2016 година беше утврдена и беа доставени решенија за наплата во износ од 6.367.270 денари. Од овој износ со 30%, односно 1,910,180 денари беше задолжена ЈПМЖ Инфраструктура, а со 70%, односно 4.457.090 денари беше задолжена МЖ Транспорт АД Скопје. Овие износи согласно Законот за железничкиот систем требаше да бидат уплатени на сметката на Агенцијата најдоцна до 30 Септември 2016 година.
  ЈПМЖ Инфраструктура Скопје во рамки на законските рокови изврши целосна уплата на таксата за 2016 година во износ од 1,910,180 денари.
  МЖ Транспорт АД Скопје во целост не ги подмири обврски по овој основ на годишна такса за 2016 година.
- Приходот по основ на годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги – неподмирени обврски за такса од минати години во износ од 2.371.202 денари е наплата на дел од долгот на неподмирена такса од 2014 година кој го должи МЖ Транспорт АД од кои 2,221,202 денари се наплатени преку извршно решение.

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: +389 2 3220 407

Вкупниот долг на МЖ Транспорт АД Скопје изнесува 10.644.848 денари и тоа дел од долг од такса за 2014 година во износ од 1.856.988 денари, 4.330.770 денари такса за 2015 година и ненаплатената годишна такса за 2016 година во износ од 4.457.090 денари

- Приход од пренесен вишок на приходи од 2015 година во 2016 година износ од 4,144,041 денари.

6.2 РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ

Вкупно реализираните расходи на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година изнесуваат 5.174.912 денари што е 33% од планираните 15,840,000 денари средства за расходи потребни за реализација на програмата и планираните активностите за 2016 година.

РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Средствата кои беа реализирани во рамките на оваа ставка во износ од 172,438 денари или 25% од планираните беа наменети за: канцелариски материјали, претплати за списанија, весници и други стручни изданија за користење од страна на вработените (домашна и странска литература), одржување на хигиена, ситен инвентар, алат, административни материјали, водовод и канализација и слично.

Планираниот износ на средства за оваа ставка согласно Годишниот финансиски план изнесуваше 700.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА

Во оваа ставка беа предвидени 250.000,00 денари за подмирување на трошоците за потрошена електрична енергија, а се реализираа вкупно 77,630 денари или 31% од планираните средства.

РАСХОДНА СТАВКА 402 – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

За одржување на средствата со планот за 2016 година предвидени беа 60.000 денари, а реализирани се 34.640 денари или 58% и тоа за поставување изолација во просторијата од северната страна.

РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ

Средствата кои беа планирани за оваа ставка на расходи изнесуваа 845.000,00 денари, а се реализираа 377,604 денари или 45% и истите беа наменети за услуги за одржување на хигиена, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема,

АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407

поштенски услуги, фиксна и мобилна телефонија, интернет пристап, услуги за копирање, печатење, претплата за службен весник, и за други услуги.

РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ

